

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2016 ГОДИНА

# Содржина

1. БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ.................... 5

2. ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НЕСТРУЧНО И НЕСОВЕСНО ВРШЕЊЕ НА СУДИСКАТА ФУНКЦИЈА И ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА.... 9

3. ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО......................................................................... 12

4. ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ...... 21

5. КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ ЗА 2016 ГОДИНА........................ 22

6. МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО И ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.................................................................. 25

7. ОЦЕНА ЗА СОРАБОТКАТА И ОДНОСИТЕ НА СУДОВИТЕ СО ДРУГИТЕ ПРАВОСУДНИ ОРГАНИ И ОРГАНИТЕ НА ЗАКОНОДАВНАТА И ИЗВРШНАТА ВЛАСТ.......................................................................................................................... 32

Судскиот совет на Република Македонија, согласно со член 135 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија, на седницата одржана на 03.07.2017 година го разгледа и го усвои следниот:

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2016 ГОДИНА

## ВОВЕД

Судскиот совет на Република Македонија, согласно член 135 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија до Собранието на Република Македонија поднесува годишен извештај за својата работа.

Судскиот совет на Република Македонија (во натамошниот текст: Советот) е самостоен и независен орган на судската власт чии надлежности се дефинирани со Уставот и законите. Советот ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт преку остварување на своите функции, при тоа обезбедувајќи еднаквост, рамноправност и недискриминација по која било основа и правна сигурност врз основа на начелата на владеење на правото, заштитата на човековите права и слободи и поделбата на државната власт на судска, законодавна и извршна, но и како баланс на трите власти во државата.

Советот, во текот на извештајниот период продолжи да се залага за современ и транспарентен судски систем кој се заснова на високите европски вредности, со цел да ја подигне довербата на граѓаните и да обезбеди полесен и поефикасен пристап до правдата.

Работите од своја надлежност, Советот ги разгледува и за нив одлучува на седница. На седниците Советот донесуваше одлуки кои се од важност за непречено функционирање и остварување на својата надлежност и тоа за:

- избор и разрешување на судии;
- избор и разрешување на претседатели на судовите;
- утврдување престанок на судиската функција;

- избор и разрешување на судии поротници;
- следење и оценување на работата на судиите;
- одлучување за дисциплинска одговорност на судиите;
- утврдување на престанок на судиската функција поради трајна неспособност за работа на судија;
- одлучување за одземање на имунитет на судија;
- одлучување по барање за одобрување на притвор на судија;
- предлагање двајца судии на Уставниот суд на Република Македонија од редот на судиите;
- одлучување за времено отстранување на судија од вршење на судиска функција;
- утврдување на бројот на потребните судиски места по судови;
- интервјуирање на кандидатите за судии и претседатели;
- разгледување и оценување на тримесечните и годишните извештаи за работа на судовите;
- разгледување на извештајот на Врховниот суд на Република Македонија за утврдените начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единство во примена на законите;
- грижа за угледот на судиите и довербата на граѓаните кон судството и
- други надлежности утврдени со закон.

Седниците на советот се јавни. Јавноста може да биде исклучена согласно закон, само со одлука на Советот заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија. За исклучување на јавноста од седниците, Советот одлучува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Во текот на извештајната 2016 година, Советот одржа 31 седница.

# БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ

Советот, во текот на 2016 година изврши избор и разрешување на судии и судии поротници.

Во извештајната година, Советот изврши избор на 26 судии во дел од судовите во Република Македонија.

Во основните судови во Република Македонија избрани се 8 судии, сите од редот на кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители, и тоа во ОС Велес – 1 судија, ОС Скопје 1 Скопје – 2 судии, ОС Скопје 2 Скопје – 4 судии и ОС Струмица – 1 судија.

Советот изврши избор и на вкупно 18 судии во повисоките судови и тоа: во Врховниот суд на РМ – 4 судии, Вишиот управен суд  - 2 судии, Управниот суд – 1 судија, АС Битола – 1 судија, АС Гостивар – 3 судии, АС Скопје – 5 судии и АС Штип – 2 судии.

| | Суд | Број на избрани судии |
|---|---|---|
| 1 | Врховен суд на РМ | **4** |
| 2 | Виш Управен суд | **2** |
| 3 | Управен суд | **1** |
| 4 | АС Битола | **1** |
| 5 | АС Гостивар | **3** |
| 6 | АС Скопје | **5** |
| 7 | АС Штип | **2** |
| 8 | ОС Велес | **1** |
| 9 | ОС Скопје 1 Скопје | **2** |
| 10 | ОС Скопје 2 Скопје | **4** |
| 11 | ОС Струмица | **1** |
| | Вкупно | **26** |

| Полова и национална структура на избрани судии во периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година |
|---|

| | | Вкупно | % |
|---|---|---|---|
| **Националност** | | | |
| 1 | Македонци | 18 | 69,23 |
| 2 | Албанци | 5 | 19,23 |
| 3 | Власи | 2 | 7,69 |
| 3 | Други | 1 | 3,85 |
| **Пол** | | | |
| 1 | машки | 9 | 34,62 |
| 2 | женски | 17 | 65,38 |
| | | | |
| **Вкупно избрани:** | | 26 | |






Во текот на 2016 година, Советот за дел од испразнетите судиски места во судовите според постоечката систематизација не изврши избор на судии во судовите, туку ја искористи во со закон предвидената можност да донесе одлука за времено упатување на судиите од еден во друг суд. Така Судскиот совет донесе одлука за времено упатување на 15 судии и тоа најдолго за време од една година:

- По еден судија од ОС Крива Паланка, ОС Кратово, ОС Куманово и ОС Тетово во ОС Скопје 2 Скопје;
- Еден судија од ОС Радовиш во ОС Свети Николе;
- Двајца судии од ОС Кочани во ОС Делчево;
- Еден судија од ОС Куманово во ОС Кратово;
- Двајца судии од ОС Куманово и по еден од ОС Прилеп, ОС Неготино, ОС Велес и ОС Тетово во ОС Скопје 1 Скопје и
- Еден судија од ОС Скопје 1 Скопје во ОС Гостивар;

Советот одлуките за временото упатување на судиите ги донесе согласно член 39 од Законот за судовите, во случаи кога констатира состојба на значително зголемен обем на работата во овие судови, намалена ажурност и во случај кога е доведено во прашање тековното работење на судовите.

Од страна на Советот во текот на 2016 година е извршен избор на претседатели во следните судови: АС Битола, АС Гостивар, ОС Кочани, ОС Охрид, ОС Гостивар, ОС Виница и ОС Кратово.

**Полова и национална структура на избрани претседатели во периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година**

| | | Вкупно | % |
|---|---|---|---|
| **Националност** | | | |
| 1 | Македонци | 6 | 85,71 |
| 2 | Албанци | 2 | 14,29 |
| 3 | Други | 0 | 0 |
| **Пол** | | | |
| 1 | машки | 4 | 57,14 |
| 2 | женски | 3 | 42,86 |
| | | | |
| **Вкупно избрани:** | | 7 | |







Законска надлежност на Советот е да врши избор и разрешување на судиите поротници по доставена предлог листа од претседателот на надлежниот основен и апелационен суд.

Во текот на 2016 година, Советот избра вкупно 155 судии поротници и тоа: во АС Гостивар – 8 судии поротници, ОС Велес - 26 судии поротници, ОС Виница - 10 судии поротници, ОС Делчево – 9 судии поротници, ОС Прилеп – 23 судии поротници, ОС Скопје 1 Скопје 50 судии поротници, ОС Скопје 2 Скопје – 8 судии поротници, ОС Струга – 6 судии поротници, ОС Струмица – 5 судии поротници и ОС Штип – 10 судии поротници. При изборот на судиите поротници Советот водеше сметка да се обезбеди соодветна правична застапеност на граѓаните што припаѓаат на сите заедници.

Истовремено, Советот донесе одлуки со кои е утврден престанок на функцијата судија поротник, и тоа во 21 случај по сопствено барање на судијата поротник, во 278 случаи поради истек на мандатот, во 19 случаи поради навршени 64 години старост и во 1 случај поради смрт.

# ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НЕСТРУЧНО И НЕСОВЕСНО ВРШЕЊЕ НА СУДИСКАТА ФУНКЦИЈА И ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА

Во надлежност на Советот е и да утврдува престанок на судиската функција, да разреши судија од вршење на судиската функција поради потешка дисциплинска повреда или поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

Постапките за нестручно и несовесно вршење на судиската функција, како и постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на судија во вршењето на судиската функција, пред Советот се водат согласно со одредбите на Законот за Судскиот совет на Република Македонија со кои се уредени овие постапки.

Поведените постапки за утврдување одговорност на судијата се од итен и доверлив карактер и се водат без присуство на јавноста, освен во случаи кога по барање на самиот судија против кого е поведена постапката, Советот носи одлука и дозволува присуство на јавноста на седниците на кои се расправа по барањата за утврдување одговорност на судијата.

Советот во текот на 2016 година постапувал по 3 (три) барања за поведување постапка за нестручно и несовесно вршење на судиската функција, поднесени од Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност на судија, и тоа против:

- Судија на ОС Охрид поради основано сомнение за сторена повреда во смисла на чл. 74 ст.1 алинеја 2 а в.в. со чл.75 ст.1 алинеја 10 од Законот за судовите, при што грубо ги повредил правилата на Судскиот кодекс со кој се нарушува угледот на судската функција.

Советот по повод поднесеното барање, по спроведената постапка согласно Законот за Судскиот совет на Република Македонија, на седница донесе одлука со која барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција го отфрли како нецелосно.

- Судија на ОС Скопје 1 Скопје постапувајќи по предмет од уписник К, што се однесува на полнолетни сторители на кривични дела, постапил нестручно и несовесно со што сторил повреда предвидена во чл.75 ст.1 алинеја 2, в.в. со чл.74 ст.1 алинеја 2 од Законот за судовите.

Советот по повод поднесеното барање на седница определи известител од своите редови согласно чл. 80 ст.1 од Законот за Судски совет на Република Македонија и постапката е во тек.

- Судија на ОС Скопје 1 Скопје постапувајќи по предмети од уписник К, што се однесува на полнолетни сторители на кривични дела во вршењето на судиската функција постапил нестручно и несовесно со што сторил повеќе повреди предвидени во чл.75 ст.1, в.в. со чл.74 ст.1 алинеја 2 од Законот за судовите.

Советот по повод поднесеното барање на седница определи известител од своите редови согласно чл. 80 ст.1 од Законот за Судски совет на Република Македонија и постапката е во тек.

До Судскиот совет доставени се 6 (шест) барања за повторување на постапката по повод донесените пресуди на Европскиот суд за човекови права во Стразбур. По 5 (пет) барања за повторување на постапката, Судскиот совет во смисла на член 24 од Законот за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права и чл.32 од Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Македонија достави барања за препорака, ургенции, како и предметите до Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права. Но, Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права нема доставено препораки по поднесените барања. По 1 (едно) барање за повторување на постапката, Судскиот совет дозволи повторување на постапката и истата е во тек.

За поведена постапка во 2015 година, Жалбениот совет при Врховниот суд на Република Македонија донесе одлука во 2016 година со која ја одби како неоснована жалбата од судијата на ОС Скопје 1 Скопје и ја потврди одлуката на Судскиот совет на Република Македонија, со која судијата се разрешува поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

Во текот на 2016 година од страна на Советот се донесени и одлуки за престанок на судиската функција по други основи предвидени со закон и тоа:

- кај 28 судии е констатиран престанок на судиската функција поради навршени 64 години.
- кај 2 судии е утврден престанок на судиската функција поради смрт.


Причини за престанок на судиска функција
3%
0%
0%
6%
91%
пензионирање
поради смрт
нестручно и несовесно вршење на судиска функција
по свое барање
осуден со правосилна судска одлука

# ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО

Советот, согласно член 31 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите и претседателите на судовите, како и да ги разгледува и оценува тромесечните и годишните извештаи за работата на судовите.

Во рамките на следењето и оценувањето на работата на судиите и судовите Советот ги разгледа и ги оцени извештаите за работата на судовите во Република Македонија и тоа за работата на Врховниот суд на РМ, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелационите судови и основните судови во Република Македонија за 2016 година.

Според податоците генерирани преку АКМИС програмата, изготвен е табеларниот приказ на нерешените предмети од претходниот период, примените предмети, вкупно предмети во работа, решени предмети, нерешени предмети на крајот на периодот и разлика од нерешени предмети на почетокот и на крајот на 2016 година.

ПРИЛИВ НА ПРЕДМЕТИ ВО СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2016 ГОДИНА

| рб | Суд | Нерешени предмети од претходната година | Примени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети на крајот од годината | Разлика од нерешени предмети на почеток и крај на годината |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Врховен суд на РМ** | 1802 | 4952 | **6750** | 4791 | **1959** | **-157** |
| 2 | **Виш управен суд** | 1095 | 5821 | **6915** | 5925 | **990** | **105** |
| 3 | **Управен суд на РМ** | 9872 | 13484 | **23304** | 14148 | **9156** | **716** |
| | | | | | | | |
| 1 | **АС Битола** | 659 | 6279 | **6933** | 6501 | **432** | **227** |
| 2 | **АС Гостивар** | 809 | 5064 | **5873** | 5652 | **221** | **588** |
| 3 | **АС Скопје** | 7416 | 17167 | **24573** | 17727 | **6846** | **570** |
| 4 | **АС Штип** | 520 | 4692 | **5212** | 4912 | **300** | **220** |
| **АС БИТОЛА - Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | **ОС Битола** | 4727 | 22421 | **27132** | 23354 | **3778** | **949** |
| 2 | **ОС Крушево** | 231 | 1131 | **1362** | 1172 | **190** | **41** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | **ОС Охрид** | 6076 | 14515 | **20576** | 16518 | **4058** | **2018** |
| 4 | **ОС Прилеп** | 3558 | 17641 | **21176** | 17916 | **3260** | **298** |
| 5 | **ОС Ресен** | 628 | 3016 | **3643** | 3071 | **572** | **56** |
| 6 | **ОС Струга** | 2615 | 15642 | **18237** | 15693 | **2544** | **71** |
| **АС ГОСТИВАР - Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | **ОС Гостивар** | 7594 | 33689 | **41251** | 34963 | **6288** | **1306** |
| 2 | **ОС Дебар** | 342 | 5218 | **5529** | 5267 | **262** | **80** |
| 3 | **ОС Кичево** | 869 | 14558 | **15416** | 14000 | **1416** | **-547** |
| 4 | **ОС Тетово** | 5180 | 25034 | **30044** | 23491 | **6553** | **-1373** |
| **АС СКОПЈЕ - Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | **ОС Велес** | 2493 | 15483 | **17970** | 15721 | **2249** | **244** |
| 2 | **ОС Гевгелија** | 588 | 10330 | **10917** | 10457 | **460** | **128** |
| 3 | **ОС Кавадарци** | 1375 | 8389 | **9761** | 8570 | **1191** | **184** |
| 4 | **ОС Кратово** | 160 | 1768 | **1928** | 1770 | **158** | **2** |
| 5 | **ОС Крива Паланка** | 676 | 4731 | **5405** | 4737 | **668** | **8** |
| 6 | **ОС Куманово** | 5720 | 32505 | **38212** | 32206 | **6006** | **-286** |
| 7 | **ОС Неготино** | 1263 | 4833 | **6092** | 4538 | **1554** | **-291** |
| 8 | **ОС Скопје I Скопје** | 42209 | 90175 | **132369** | 95110 | **37259** | **4950** |
| 9 | **ОС Скопје II Скопје** | 13597 | 42838 | **56345** | 41379 | **14966** | **-1369** |
| **АС ШТИП - Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | **ОС Берово** | 278 | 3157 | **3435** | 2838 | **597** | **-319** |
| 2 | **ОС Виница** | 248 | 3579 | **3827** | 3436 | **391** | **-143** |
| 3 | **ОС Делчево** | 956 | 5164 | **6120** | 5158 | **962** | **-6** |
| 4 | **ОС Кочани** | 1257 | 11372 | **12627** | 11197 | **1430** | **-173** |
| 5 | **ОС Радовиш** | 608 | 7621 | **8227** | 7745 | **482** | **126** |
| 6 | **ОС Св. Николе** | 449 | 4054 | **4495** | 4091 | **404** | **45** |
| 7 | **ОС Струмица** | 3251 | 23262 | **26486** | 23616 | **2870** | **381** |
| 8 | **ОС Штип** | 2753 | 14399 | **17146** | 14413 | **2733** | **20** |

**Вкупно за судовите на цела територија на Р. Македонија**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **131874** | **493984** | **625288** | **502083** | **123205** | **8669** |

Од презентираниот табеларен приказ и доставените извештаи од страна на судовите, Советот го утврди следното:

**Врховниот суд на Република Македонија** во 2016 година не остварил ефикасност и ажурност во решавањето на предметите, така што

не го совладал приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 157 предмети.

**Вишиот управен суд** во 2016 година го совладал приливот на новопримените предмети, и го намалил заостатокот на нерешени предмети за 105 предмети, па се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Управниот суд** во 2016 година го совладал приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 716 предмети, па се оценува како ефикасен и ажурен суд.

## Апелационо подрачје Битола

**Апелационен суд Битола** во 2016 година успеал да го совлада приливот на новите предмети со тоа заостатокот на предмети е намален за 227 предмети, така што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основен суд Битола** успеал да го совлада приливот на новопримените предмети во 2016 година со тоа заостатокот на предмети е намален за 949 предмети, така што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Крушево** во 2016 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 41 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основен суд Охрид** во 2016 година успеал да го совлада приливот и го намалил заостатокот за 2018 предмети, поради што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Прилеп** во 2016 година успеал да го совлада приливот и го намалил заостатокот на нерешени предмети за 298 предмети, поради што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Ресен** во 2016 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 56 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Струга** во 2016 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 71 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

Според изнесените податоци за работата на судовите на подрачјето на Апелациониот суд Битола се констатира дека основните судови на ова подрачје во 2016 година, годината ја започнале со нерешени 17835 предмети, со новопримени 74366 предмети, во работа имале фонд на предмети од 92126 предмети. Од овој вкупен фонд на предмети што биле во работа во судовите на ова подрачје во 2016 година, судовите, односно судиите успеале да решат вкупно 77724 предмети.

Од констатираните состојби произлегува дека судовите на подрачјето на Апелациониот суд во Битола во целина успеале да го решат

приливот и со тоа заостатокот е намален за 3433 предмети во однос на нерешените предмети од претходната година.

## Апелационо подрачје Гостивар

**Апелациониот суд Гостивар** во 2016 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 588 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Гостивар** во 2016 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 1306 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Дебар** во 2016 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 80 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Кичево** во 2016 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 547 предмети, со што се оценува како неефикасен и неажурен суд.

**Основниот суд Тетово** во 2016 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 1373 предмети, со што се оценува како неефикасен и неажурен суд.

.

Од наведеното произлегува дека основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Гостивар во 2016 година не го совладале приливот и го зголемиле заостатокот на нерешени предмети за 534 предмети, со што подрачјето во целост се оценува како неажурно и неефикасно.

Во Основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Гостивар во 2016 година, нерешени предмети на почетокот на годината имало 13985 предмети. Во текот на годината примиле 78499 нови предмети. Вкупно во работа во текот на годината имале 92240 предмети, од кои судиите решиле 77721 предмети на крајот на годината, со што во извештајната година останале вкупно 14519 нерешени предмети.

## Апелационо подрачје Скопје

**Апелационен суд Скопје** во 2016 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 570 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Велес** во 2016 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 244 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Гевгелија** во 2016 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 128 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Кавадарци** во 2016 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 184 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Кратово** во 2016 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 2 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Крива Паланка** во 2016 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 8 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Куманово** во 2016 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 286 предмети, со што се оценува како неефикасен и неажурен суд.

**Основниот суд Неготино** во 2016 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 291 предмети, со што се оценува како неефикасен и неажурен суд.

**Основниот суд Скопје 1 Скопје** во 2016 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 4950 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Скопје 2 Скопје** во 2016 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 1369 предмети, со што се оценува како неефикасен и неажурен суд.

Според изнесените податоци за работата на судовите на подрачјето на Апелациониот суд Скопје се констатира дека основните судови на ова подрачје во 2016 година, годината ја започнале со нерешени 68081 предмети, со новопримени 211052 предмети, во работа имале фонд на предмети од 278999 предмети. Од овој вкупен фонд на предмети што биле во работа во судовите на ова подрачје во 2016 година, судовите, односно судиите успеале да решат вкупно 214488 предмети.

Од констатираните состојби произлегува дека судовите на подрачјето на Апелациониот суд во Скопје во целина успеале да го решат приливот и со тоа да се намали заостатокот за 3570 предмети, со што подрачјето се оценува во целост како ажурно и ефикасно.

## Апелационо подрачје Штип

**Апелационен суд Штип** во 2016 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 220 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Берово** во 2016 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 319 предмети, со што се оценува како неефикасен и неажурен суд.

**Основниот суд Виница** во 2016 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 143 предмети, со што се оценува како неефикасен и неажурен суд.

**Основниот суд Делчево** во 2016 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 6 предмети, со што се оценува како неефикасен и неажурен суд.

**Основниот суд Кочани** во 2016 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 173 предмети, со што се оценува како неефикасен и неажурен суд.

**Основниот суд Радовиш** во 2016 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 126 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Свети Николе** во 2016 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 45 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Струмица** во 2016 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 381 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Штип** во 2016 година успеал да го совлада приливот и го намалил заостатокот на нерешени предмети за 20 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

Според изнесените податоци на подрачјето на Апелациониот суд Штип, судовите во целина не го совладале приливот и го зголемиле заостатокот на нерешени предмети за 69 предмети, со што подрачјето во целост се оценува како неажурно и неефикасно.

Судовите на ова подрачје во 2016 година, годината ја започнале со нерешени 9800 предмети, со новопримени 72608 предмети, а во работа имале фонд од 82363 предмети. Од овој вкупен фонд на предмети што биле во работа во судовите на ова подрачје во 2016 година, судовите успеале да решат вкупно 72494 предмети.

Според тоа произлегува дека на 31.12.2016 година на подрачјето на Апелациониот суд во Штип во судовите останале вкупно нерешени 9869 предмети.

**Од претходно изнесената состојба за работата на судовите за 2016 година, се констатира следното :**

Во Република Македонија, во сите судови, на 01.01.2016 година нерешени предмети од претходната година се 131874 предмети, примени се 493984 нови предмети, вкупно предмети во работа имало 625288, вкупно се решени 502083 предмети, така што на 31.12.2016 година

останале нерешени 123205 предмети. Ова значи дека на ниво на Република Македонија судовите во целина работеле ефикасно и ажурно, со оглед да успеале да го совладаат приливот на новопримените предмети и да го намалат заостатокот за 8669 предмети.

Според претходно дадените податоци, по апелационите подрачја, во 2016 година, најмногу новопримени предмети, предмети во работа и решени предмети, имало на подрачјето на Апелациониот суд Скопје, а најмалку, по сите категории, во подрачјето на Апелациониот суд Штип.

## Број на активни судии

Според евиденцијата на пополнетите судиски места и бројот на активните судии, се констатира дека на почетокот од 2016 година, постапувале 586 судија.

| Година | Датум | Активни судии | Датум | Активни судии | Просечен број на судии |
|---|---|---|---|---|---|
| 2015 | 01.01.2015 | 621 | 31.12.2015 | 586 | 603 |
| 2016 | 01.01.2016 | 586 | 31.12.2016 | 566 | 576 |
| **Разлика** | | **-35** | | **-20** | **-27** |

Доколку се споредуваат 2015 и 2016 година, може да се забележи дека на почетокот од 2016 година има 35 помалку активни судии во однос на почетокот на 2015 година. На крајот од 2016 година има 20 помалку активни судии во однос на крајот на 2015 година. Просечно во 2015 година може да се земе бројката од 603 активни судии, а во 2016 години 576 активни судии.

## Состојба со стари предмети

Во прилог на зголемување на ефикасноста во судството во текот на 2016 година, од страна на Советот во соработка со претседателите на судовите беа преземани конкретни мерки за намалување на заостатокот со старите предмети во судството, постари од три, седум и десет години. За да се намали бројот на постари предмети од 7 и 10 години со одлука на Судскиот совет преку претседателите на судовите се задолжени судиите кои постапуваат по ваков вид на предмети да изготват план и проекција за решавање на секој предмет. Планот и проекцијата беа составен дел од извештаите на работните тела кои месечно се доставуваат до Судскиот

совет. Како резултат на  вака преземените мерки беа решени голем број на стари предмети во сите судови во РМ, прикажани во следната табела

| | **Јануари 2016 година** | **Декември 2016 година** | **Намален заостаток** | **Стапка на решени предмети** |
|---|---|---|---|---|
| **Постари од 3 години** | 11586 | 5065 | 6521 | 56,28% |
| **Постари од 7 години** | 388 | 219 | 169 | 43,56% |
| **Постари од 10 години** | 74 | 56 | 18 | 24,32% |

***Табела: состојба со стари предмети во судството***

Од страна на Советот продолжија и активностите за спроведување на Методологијата за судска статистика со цел овозможување на побрзо и поквалитетно собирање и анализа на податоци за правосудството. Во Советот во функција е апликацијата за Судска статистика која овозможува генерирање на единствени статистички податоци за правосудството во Република Македонија согласно утврдената Методологија за судска статистика.

## Следење и оценување на работата на судиите

Во делот на следењето на работата на судовите и судиите како една од основните и најзначајните активности на Советот во рамките на надлежноста утврдена со закон е да ја следи и оценува работата на судиите и претседателите на судовите. Следењето и оценувањето на работата на судиите се врши на начин и постапка утврдени со Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 150/2010), без притоа да се наруши независноста и самостојноста на судијата при вршење на судиската функција.

Целта на следењето и оценувањето на работата на судијата е јакнење на личната мотивација на судиите, обезбедување натамошен професионален развој на судиите врз основа на нивните лични и професионални способности без какво било влијание. Оценувањето на работата на судиите се врши врз основа на вкупните резултати на работата на судијата, непосредно следење, дополнителни и посебни критериуми во врска со вршењето на функцијата утврдени со Законот.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 150/2010), се пропиша постапката и се дефинираат објективни и мерливи критериуми за следењето и оценувањето на работата на судиите, со цел да се отстрани можноста за евентуална субјективност и

пристрасност при оценувањето. Имено, со овој закон прецизно се регулира постапката, целите и методите на следење и оценување на работата на судиите, квантитативните и квалитативните критериуми за судиското работење како и елементите за пресметување на оценката.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 61/2015), Советот врши континуирано двегодишно следење и оценување на работата на судиите. Од страна на Советот, во 2015 година беше извршено оценување на работата на судиите и претседателите на судовите за 2014 година. Двегодишното оценување за 2015 и 2016 година Советот го заврши до крајот на мај 2017 година, со тоа што судиите имаат законско право да бараат да се спроведе повторно оценување, па за очекување е дека до крајот на јули 2017 година судиите ќе ги имаат конечните оцени. (Забелешка: овој Годишен Извештај е донесен пред тоа).

Во претходно наведените измени на Законот на Судскиот совет на РМ е предвидено дека покрај редовното, може да се врши и вонредно оценување. Вонредното оценување на работењето на судијата, согласно чл.100 ст 3 од Законот за судскиот совет на РМ, може да се врши по оценка на Советот, при избор на судија во повисок суд или за избор на претседател на суд по барање на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на судија. Во согласност со оваа законска одредба, во текот на 2016 година, Советот, по претходно спроведена постапка од страна на трichлена Комисија, изврши вонредно оценување на кандидатите за претседатели на Врховниот суд на РМ, Апелациониот суд Штип, Основниот суд Скопје 1 Скопје и Основниот суд Тетово.

Како резултат на спроведеното вонредно оценување, од страна на Судскиот совет на РМ се донесени одлуки за оценка на работата за 2015 и 2016 година на вкупно 20 (дваесет) судии, од кои двајца и како претседатели на судови, а еден само како претседател на суд.

Поднесени се вкупно 5 барања за повторно оценување на работата на судиите – претседателите на судовите, кандидати за претседатели на судови, и тоа четири од страна на судии и едно од претседател на суд. По предлог на Комисијата за спроведување на повторно оценување (во која не може да учествуваат членовите кои го спровеле вонредното оценување), Советот на седница донесе одлуки со кои четири барања за повторно оценување се одбиени како неосновани, а едно е уважено.

# ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ

Со Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување на одговорност за судија („Службен весник на Република Македонија“ бр.20 од 12.02.2015 година), сметано од 20.05.2015 година, надлежноста за постапување по претставките и поплаките на граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите, од Судскиот совет на Република Македонија премина во Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување на одговорност за судија. Соодветните измени и дополнувања на Законот за Судскиот совет на РМ се објавени во наведениот број на „Службен весник на Република Македонија“ од 12.02.2015 година.

# КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ ЗА 2016 ГОДИНА

Во 2016 година во судската власт беа вработени 2.384 административни и судски службеници (состојба 31.12.2016 година). Вработените во судската администрација вршат стручни, управно надзорни, административно технички, извршни и други работни задачи за процесуирање на предметите во работа во судовите.

Старосната, половата и националната структура на вработените (без членовите на Судскиот совет на РМ, членови на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија и судиите) е разнолика.

*Старосна структура*

| Возраст | Број на вработени | Процентуална застапеност |
|---|---|---|
| **0-24 години** | 9 | **0,38** |
| **25-49 години** | 1.330 | **55,79** |
| **Постари од 50 години** | 1.045 | **43,83** |
| **вкупно** | **2.384** | **100,00** |

*Полова структура*

| Пол | Број на вработени | Процентуална застапеност |
|---|---|---|
| **мажи** | 912 | **38,26** |
| **жени** | 1.472 | **61,74** |
| **вкупно** | **2.384** | **100,00** |

*Етничка структура*

**ПРИПАДНОСТ НА ЗАЕДНИЦА**

| | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Бошњаци | други | ВКУПНО вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Судска Администрација** | 1,944 | 317 | 32 | 25 | 19 | 26 | 9 | 12 | **2.384** |
| **Процентуална застапеност** | 81,54 | 13,3 | 1,34 | 1,05 | 0,8 | 1,09 | 0,38 | 0,50 | **100,00** |

***Вработувања во судската власт во 2016 година***

Во текот на 2016 година во судската власт се реализираа 97 вработувања по разни основи и тоа: трансформација на работен однос од привремено во трајно вработување согласно Закон за трансформација на вработувањата, превземања од други државни органи, вработување на определено време и сл.

Со согласност од Министерството за финансии беа обезбедени средства за вработување на 69 лица на определено време од една година до 31.12.2016 година во шест единки корисници, како и за вработување на 28 на неопределено време во 11 единки корисници и тоа:

| | **единка корисник** | **број на извршители** |
|---|---|---|
| 1 | ОС Скопје 1 | 21 |
| 2 | ОС Скопје 2 | 25 |
| 3 | ОС  Битола | 12 |
| 4 | Совет за факти | 6 |
| 5 | ОС Велес | 4 |
| 6 | АС Штип | 1 |
| | **Вкупно** | **69** |

***Табела: Број на вработени на определено време во 2016 год.***

| | единка корисник | број на извршители |
|---|---|---|
| 1 | АС Скопје | 4 |
| 2 | ОС Скопје 1 | 10 |
| 3 | ОС СКопје 2 | 3 |
| 4 | ОС Куманово | 1 |
| 5 | ОС Прилеп | 1 |
| 6 | ОС Штип | 1 |
| 7 | ОС Гостивар | 1 |
| 8 | ОС Кочани | 4 |
| 9 | ОС Неготино | 1 |
| 10 | ОС Кратово | 1 |
| 11 | ОС Радовиш | 1 |
| | **Вкупно** | **28** |

***Табела: Број на вработени на неопределено време во 2016 год.***

И покрај тоа што во текот на 2016 година во судовите се реализираа претходно наведените вработувања, состојбата на недостиг на соодветен потребен кадар во судството беше присутна и во текот на оваа година. Ова се однесува на:

- раководен кадар кој ќе му помага на претседателот на судот односно судскиот администратор во раководењето со судската служба и вршењето на работите од судската управа (судски администратори во неколку судови, раководители на служба, раководители на судски оддел, раководители на судско одделение, раководители на одделение и сл.).
- потребен стручен и административно технички кадар кој е директно во функција на судиите и остварувањето на нивната функција (судски соработници, дактилографи, раководители на оддели, преведувачи, доставувачи, вработени во писарница и сл.).
- стручни кадри од областа на управувањето со човечките ресурси, внатрешна ревизија, јавна внатрешна финансиска контрола, стратешко планирање и сл. односно кадри кои не се директно во корелација со судиската функција, но кои, современите текови на функционирање на институциите го налагаат како потреба.

# МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО И ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Согласно Законот за судскиот буџет, судскиот буџет претставува годишна процена на приходите и трошоците на единките корисници на судската власт што ги утврдува Собранието на Република Македонија и е наменет за нивно финансирање. Судскиот буџет се состои од две програми:

**Програма 20**- *судска администрација* која ги опфаќа средствата за финансирање на активностите и функциите на Судскиот совет на РМ,Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија, Врховниот суд на РМ, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелациските судови и основните судови со основна и проширена надлежност.

**Програма 30**- *Академија за судии и јавни обвинители* која ги опфаќа средствата за финансирање на активностите на Академијата.

Во 2016 година вкупно одобрениот буџет за судската власт за двете програми изнесуваше 1.892.431.000 денари. Од овие средства 1.827.981.000 денри беа приходи од централниот Буџет на Република Македонија, 57.680.000 беа сопствени приходи и 6.770.000 денари се однесуваа на приходи од донации. Сопствените приходи се однесуваа на приходи остварени од наплата на судските паушали и закупнини од издавање на деловен простор што согласно Законот за судскиот буџет се приходи на судовите.

Во текот на годината беа извршени два ребаланси на Буџетот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.143 од 01.08.2016 година и бр.179 од 26.09.2016 година), беа извршени и бројни пренамени со цел максимално искористување на средствата согласно потребите на единките корисници на судската власт.

Структурата на буџетот по програми и категории за 2016 година е претставен во следната табела.

| категорија | Програма 20 Судска администрација | % | Програма 30 Академија за судии | % | Судска власт конечен буџет | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 40-Плати и надоместоци | 1.516.900.000 | 81,85 | 22.281.000 | 56,78 | 1.539.181.000 | 81,33 |
| 42-Стоки и услуги | 287.581.341 | 15,52 | 16.846.000 | 42,93 | 304.427.341 | 16,09 |
| 46- Трансфери | 27.571.659 | 1,49 | 15.000 | 0,04 | 27.586.659 | 1,46 |
| 48-Капитални рас | 21.136.000 | 1,14 | 100.000 | 0,025 | 21.236.000 | 1,12 |
| | 1.853.189.000 | 100,00 | 39.242.000 | 100,00 | 1.892.431.000 | 100,00 |

***Табела: Структура на Буџет судска власт за 2016 година по категории и програми***

Притоа забележливо е доминантното учество од 81,33% на категоријата 40-плати и надоместоци од плати, а ниското учество на останатите три категории. Категоријата 42 стоки и услуги која во вкупниот буџет учествува со 16,09% е недоволна за подмирување на сите обврски од работењето на судовите кои произлегуваат од нивната редовна работа.




*График: Структура според категории на Буџет судска власт за 2016 година*

Споредбената анализа на судскиот буџет за 2016 во однос на буџетот од 2015 година ја покажува истата структурна застапеност на различните категории на трошоци со минимално намалување на расходите за плати и надоместоци од 1,12% и субвенции и трансфери од 0,38%, а зголемување на расходите за стоки и услуги од 0,81% и капиталните расходи од 0,35%.




Споредено со структурата на буџетот на земјите од Европската унија мора да се констатира дека учеството на капиталните расходи каде се вклучени и вложувањата во информатичка технологија (компјутерска и софтверска модернизација) учеството на оваа категорија во нашиот буџет е незначително и неопходно е значително зголемување на оваа ставка.

# ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА За 2016 година

Судскиот совет на Република Македонија е самостоен и независен орган на судството и своето финансиско работење го темели само и единствено од средствата што ги добива од Буџетот на Република Македонија кои средства, како единка корисник од втора линија, ги добива преку Судскиот буџетски совет.

Во календарската 2016 година за функционирањето на овој орган во согласност со задачите и одговорноста на секој вработен се потрошени финансиски средства во износ од 37.777.868,00 денари. Во споредба со трошоците во 2015 година во износ од 38.033.428,00, претставува идентичен Буџет, односно има незначително намалување во номинален износ од 255.560,00 денари.

Бројот на вработените во Стручната служба во текот на 2016 е намален за еден извршител, кому престанал работниот однос заради исполнување услови за старосна пензија. Од вкупно 44 вработени, две лица се на породилно отсуство и еден функционер користи апанажа.

За остварување на работите од својата надлежност, утврдени со Уставот на Република Македонија и Законот за Судскиот совет на Република Македонија, Советот во изминатата фискална година имаше реализација на финансиски средства во износ од 37.777.868,00 денари при што се испочитувани принципите на рационално, ефикасно и строго наменско трошење.

Показателите за реализација на буџетот збирно и по одделни расходни ставки, укажуваат на голем степен на искористеност на одобрените финансиски средства, односно реализацијата на вкупниот Буџет од 99,95% дефиниран за Судскиот совет со Годишниот финансиски план за 2016. Вака високиот процент на искористеност укажува дека во континуитет се следеше реализацијата на истиот со цел навремено донесување одлуки за потребните прераспределби, пренамени или проширувања на кварталните планови во рамки на Годишниот финансиски план, за да се подмират обврските кон коминтентите и да се избегнат високи камати за реализација на доспеаните фактури за извршените услуги. При користењето на планираните финансиски средства основен принцип е наменското трошење и предвидените рамки во Годишниот план за јавни набавки.

Преглед на реализација на финансиски средства во Советот во процентуален и номинален износ во однос на одобрените средства од Буџетот на РМ, преку Судскиот буџетски совет:

| **Преглед на реализирани финансиски средства во Судски совет за 2016 година.** | | |
|---|---|---|
| | | |
| *О П И С* | *Финансиски средства* | *процент* |
| | | |
| 1. Вкупно средства добиени од Буџетот на РМ | **37.796.967,00 денари** | **100.00 %** |
| 2. Потрошени средства-остварени расходи | **37.777.868,00 денари** | **99.95%** |
| 3. Добиени, а непотрошени средства во износ | **19.099,00 денари** | **0.05%** |

## Поконкретно, потрошени средства за плати и придонеси од плати.

| **Потрошени средства за плати и надоместоци од плата:** | |
|---|---|
| 1. Основни плати и персонален данок | 24.454.522,00 денари |
| 2. Придонеси за ПИО, здравство,вработување | 9.044.864,00 денари |
| 3. Останати надоместоци | 0,00 денари |
| **Вкупно за плати и надоместоци** | **33.499.386 ,00 денари** |

## Глобалниот преглед и графичкиот приказ на реализираните буџетски средства за 2016 е следен:

| | |
|---|---|
| 1.Плати и надоместоци од плата | 33.499.386,00 |
| 2.**С**токи и услуги | 4.095.875,00 |
| 3.Тековни трансфери и др. | 182.607,00 |
| **Вкупно** | **37,777,868,00** |



Општа карактеристика на глобалната структура на потрошените буџетски средства е што најголем процент од 88,67% се однесува на исплатени плати и обврските од плати за вработените, а трошоци за останатите потреби се сведени на околу 11,33%, од вкупниот Буџет за фискалната 2016 година.

Ако се направи подетална анализа во структурата на потрошените финансиски средства од страна на Советот, освен делот кој се однесува на **платите и обврските од плата на вработените од околу 88,67%,** од другите расходи евидентно најголем дел оди на расходното конто **421-Комунални услуги, греење и комуникација** во износ од 2.283.828,00 денари. Овој износ претставува околу 55,71% од наведената расходна ставка на финансиски средства потрошени во годината во износ од 4.095.875,00 денари, од кои најголем дел се за **парно греење, електрична енергија и за исплатените реални патни трошоци за членовите кои се од внатрешноста.** За разлика од другите две власти (законодавната и извршната), реалните патни трошоци во судската власт се исплатуваат според цената на билетот на јавниот превоз (автобус или воз) за соодветната дестинација. Споредбено по расходни конта во однос на 2015, во 2016 година не се забележува некое нагласено отстапување во однос на потрошените финансиски средства.

Што се однесува за останатиод дел од реализираните финансиски средства во однос на претходната година, единствено има мало зголемување кај контото 425 договорни услуги, од причини што настанаа промени во составот на избраните членови за кои имаше дополнителни трошоци.

Реализираниот Буџет во Судскиот совет за 2016 година во детален преглед е прикажан во следната табела и графикон:

## Детален табеларен и графички преглед на трошоците во 2016:

| Потрошените средства по расходни конта: | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | **Одобрени** | **Реализирани** | **Остаток** |
| | | | |
| 1. Патни расходи,смес. сл.пат | 54.000,00 | 53.654,00 | 346,00 |
| 2. Пошта,ел.енергија,парно др. | 2.285.000,00 | 2.283.828,00 | 1.172,00 |
| 3. Канцел материјал,списанија | | | |
| средства за хигиена и др. | 268.000,00 | 266.027,00 | 1.973,00 |
| 4. Поправка , одржување на | | | |
| софтвер,возила и опрема | 505.000,00 | 498.748,00 | 6.252,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. Договорни услуги-закупнини | 759.953,00 | 756.844,00 | 3.109,00 |
| 6.Др.тековни расходи, огласи за јавни набавки, | | | |
| за избор на судии итн. | 243.000,00 | 236.774,00 | 6.226,00 |
| 7.Суд.решенија за СБС и трансфери | 163.928,00 | 163.907,00 | 21,00 |
| 8.Привремени вработувања | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 9. Купување на опрема | 18.700,00 | 18.700,00 | 0,00 |
| | | | |
| **Вкупно** | **4.297.581,00** | **4.278.482,00** | **19.099,00** |

***Графички приказ на реализација на буџетот за 2016 година Во Судскиот совет***




Од расходното конто 464-Разни трансфери, исплатена е сума во износ од 163.907,00, која во најголем дел се однесува за исплата на средства по решенија при пензионирање, дел во износ од 59.979,00 по решенија на Судски буџетски совет на досудени трошоци за повреда на правото на судење во разумен рок за странски државјани на кои исплатата се врши преку сметката на Судски совет како налогодавач-резидент и мал дел за други трансфери.

Во текот на 2016 на категоријата 48-капитални расходи, согласно Годишната програма за инвестиции, нема позначајни вложувања за потребите на институцијата.

Општа карактеристика за структурата на трошоците на буџетските средства е што најголем процент од 88,67% се однесува на исплатени плати за вработените и обврските од плати. Трошоци за активност на Советот како и обезбедување на непречно одвивање на работните процеси во процентуален износ од 11,33%, го потенцира рационалното и економичното трошење на институцијата.

На крајот на годината по извршениот попис на средствата и обврските, констатирани се обврски кон добавувачите во износ од 289.242,00 и обврски кон вработените по основ на плата и придонеси во износ од 2.802.345,00, односно вкупно обврски во износ од 3.091.587,00 денари.

Судскиот совет во текот на 2016 година располагаше со идентичен износ на финансиски средства како и во 2015 година и се вклопи во севкупниот амбиент на рационално и строго наменско трошење и транспарентно располагање со средствата од Буџетот на РМ.

# ОЦЕНА ЗА СОРАБОТКАТА И ОДНОСИТЕ НА СУДОВИТЕ СО ДРУГИТЕ ПРАВОСУДНИ ОРГАНИ И ОРГАНИТЕ НА ЗАКОНОДАВНАТА И ИЗВРШНАТА ВЛАСТ

Во текот на 2016 година, Советот ја продолжи соработката со правосудните и другите органи и организации на законодавната и извршната власт. Ваквата соработка произлегува од потребата Советот да може непречено да ја извршува својата функција предвидена во Законот за Судскиот совет на Република Македонија.

Во таа насока продолжи соработката помеѓу Судскиот совет на Република Македонија и Министерството за правда, Јавното правобранителство, Народниот правобранител, Државната комисија за спречување корупција, Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија и други институции. Не помалку значајна е и соработката со Министерството за финансии, Здружението на судии, Здружението на судска админстрација, Советот на судска служба и други домашни и меѓународни организации и сродни институции, во делот на размена на информации и планирање на активности кои се однесуваат на оперативното работење на Советот како и планирање и реализација на заеднички проекти за унапредување на работењето на Советот.

Соработката на Советот со Академијата на судии и јавни обвинители, како и со Советот на јавните обвинители на Република Македонија се одвива преку реализација на приоритетите предвидени со програмата на Владата на Република Македонија – НПАА. Советот во координација со Академијата за судии и јавни обвинители и Советот на јавните обвинители на Република Македонија, продолжија со активности во насока на избор на кандидатите за судии и јавни обвинители кои ја завршиле Академијата. Еден од приоритетите во унапредувањето на соработката на Советот со Академијата за судии и јавни обвинители е координирање на активностите во однос на размена на податоците за учеството на судиите во континуираната едукација, како и за судиите-поротници кои согласно новите законски измени по изборот задолжително посетуваат специјализирана обука и полагаат испит за завршената обука. Оваа соработка се остварува преку поврзување на базата на податоци за судиите и судиите-поротници од двете институции, како и преку редовни состаноци заради координација на активностите.

Советот донесе и Програмата за поддршка на медијацијата во Република Македонија, што како обврска произлегува од чл.27 од Законот за медијација (Службен весник на Република Македонија бр.188/13,

148/15, 192/15 и 55/16). Целта на донесувањето на оваа програма е обезбедување мерки и средства за промоција и поддршка на медијацијата во насока обезбедување услови за позитивна клима за промоција, практикување и развој на медијацијата во Република Македонија од страна на судиите при постапувањето во судските предмети, како успешен концепт за решавање на спорни односи помеѓу засегнати страни, а во согласност со законската регулатива и меѓународните прописи кои се однесуваат на медијацијата, посебно Европската Директива бр.52/2008 која е во целост имплементирана при донесувањето на новиот Закон за медијација кон крајот на 2013 година, под услов спорните односи да се медијабилни.

Членовите на Советот продолжија со интензивната соработката со претседателите на судовите и судиите во Република Македонија, заради согледување на состојбите во соодветниот суд и тековните проблеми и потоа во рамките на надлежностите беа преземани соодветни активности заедно со претседателите на судовите за нивно надминување.

Овие активности имаат за цел да придонесат да се зголеми довербата на граѓаните кон судската власт, зголемување на личната мотивација на судиите, овозможување понатамошен професионален развој, обезбедување јавност и транспарентност во одлучувањето, што се заедно придонесува за зголемување на независноста и самостојноста на судската власт.

Во делот на развојот на соработката со судовите и другите институции, Советот особено води сметка за транспарентноста и јавноста при реализацијата на активностите од надлежност на Советот, како и градење професионален однос во остварувањето на комуникацијата со јавноста, заштита на доверливите информации, а со тоа и угледот и достоинството на судиите.

Една од основните определби на Советот во остварувањето на работите од својата надлежност е остварување на начелото на транспарентност и отвореност во работењето и зголемена партиципативност на јавноста. Во делот на градењето и афирмацијата на транспарентност во работата, Советот продолжува со своите активности, при што целокупната работа на Советот е јавна, вклучително и седниците на Советот, освен оние на кои согласно со законот јавноста е исклучена. На овој начин се овозможува јавните седници на Советот непречено да ги следат и претставници на медиумите и други релевантни институции.

Советот обезбедува редовно и транспарентно објавување информации преку интернет страницата http://www.ssrm.mk за одлуките донесени од страна на Советот, за извршените избори и разрешувања на судиите, објавување на правосилните одлуки за утврдена одговорност на судиите во вршење на судиската функција, одлуки и заклучоци кои се

однесуваат на следење и оценување на работата на судиите и судовите, како и за останати активности на Советот.

Советот, во рамките на законски утврдените надлежности, настојува отворено и транспарентно да обезбеди проток на информации со цел јавноста и граѓаните на Република Македонија да бидат навремено и точно запознаени и информирани за сите активности што ги презема. Притоа, Советот во изминатиот период беше постојано достапен за комуникација и информирање на сите засегнати страни преку давање интервјуа од страна на претседателот на советот, давање на изјави за електронските и печатените медиуми, брифинзи, организација на работни состаноци, работилници, стручни и јавни расправи, работни средби.

Една од заложбите на Советот е унапредување на структурата и перформансите на интернет-страницата, со што покрај транспарентност во работењето, треба да се постигне повисоко ниво на углед на институцијата што е ориентирана кон интеракција со јавноста и навремено информирање за работењето. Заложба на Советот е и печатење и промоција на годишни програмски и финансиски извештаи.

Во насока на обезбедување на принципот на владеење на правото, како и почитување на основните човекови права и слободи и досега беа спроведени реформи во однос на уставната поставеност и организациската структура на судството, така и во однос на останатите аспекти на судството, како што се гарантирањето на финансиската независност, зголемувањето на ефикасноста на судството, воведувањето на објективни критериуми за избор и разрешување на судии, како и зајакнувањето на статусот на јавното обвинителство.

Со спроведувањето на овие реформи може да се констатира дека правната рамка во Република Македонија ги инкорпорира речиси сите значајни меѓународни стандарди за независно и непристрасно судство.

Паралелно, во изминатите години беа спроведени секторски стратегии меѓу кои особено значајна беше Стратегија за ИКТ во правосудството, чија цел беше воспоставување и развивање на модерно и автоматизирано правосудство во Република Македонија.

Потребата за натамошна надградба на реформите во правосудниот систем во Република Македонија, преку донесување на стратешки документ е во согласност со препораките на Европската Комисија, содржани во Извештаите за напредокот на Република Македонија.

Во наредниот период, како и досега Советот пред се ќе биде фокусиран на зголемување на ефикасноста на судовите, преку

понатамошно јакнење на инстуционалните и административни капацитети, преку зголемена примена на информатичките технологии и докажани во праксата пристапи и методологии во работата, како и воедначување на судската практика и унапредување на соработката и контролата на повисоките со пониските судови. Исто така во наредниот период акцент ќе биде ставен и кон активности за јакнење на довербата на јавноста во судството, преку зголемена транспарентност и активности за информирање на заинтересираните страни.

Понатаму, приоритетите на Советот ќе се однесуваат и на обезбедување и гарантирање на независноста на судството во Република Македонија, преку унапредување на процедурите за избор и унапредување на судиите, оценување на нивната работа, и на системот за утврдување на одговорност на судиите.

Исто така, судството како една од трите власт во Република Македонија, има потреба од зголемување на независноста во располагање на средства од судскиот буџет, во чии рамки особено значајна е работата на Судскиот буџетски совет (СБС). Во наредниот период се очекува да се обезбеди задоволително ниво на судскиот буџет за непречено извршување на функциите на институциите на судската власт во Република Македонија, во согласност со одредбите од Законот за судскиот буџетски совет.

Се наметнува и потребата од поактивно учество на преставници од судската власт во креирање на законските прописи кои се применуваат во судството. Во следниот период се очекува да се унапреди соработката на институциите на судска власт со другите чинители во општеството и со сродните институции во земјите на регионот и пошироко.

Во доменот на меѓународната соработка, Советот во текот на 2016 година реализираше 2 студиски посети и учествуваше на 4 конференции, и тоа:

- Студиска посета на Осло, Кралството Норвешка, на која беа остварени работни средби со судии на Врховниот суд на Норвешка и на Основниот суд во Осло, со претставници од Министерствата за правда и надворешни работи и со Директорот на Норвешката судска администрација.
- Студиска посета на Вилнус, Република Литванија, на која беа остварени работни средби со претседателот на Судскиот совет на Република Литванија, со директорот на Националната судска

администрација, со претседавачот на Комисијата за обуки при судскиот совет, со претседателот на Комисијата за судска етика и дисциплина и со судии на Врховниот суд на Република Литванија.

- Прва Регионална Конференција која се одржа во Будва, Црна Гора на тема - „Системи за управување со работењето на судовите во земјите од Западен Балкан“ на која учествуваа и делегации на судските совети на Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово, Црна Гора, Србија, Украина и претставници на Норвешката амбасада.
- Балканска и Евро - медитеранска конференција на судски совети која се одржа во Рим, Република Италија, на тема - „Независноста на судиите и јавните обвинители како фактор за зголемување на ефикасноста на судството“ на која е потпишана Декларација за соработка со Балканската и Евро - медитеранската мрежа на Судски совети.
- Регионална Конференција која се одржа во Букурешт, Романија на тема – „Превенција и борба против корупцијата во судството и јавното обвинителство во Југоисточна Европа“ на која учествуваа и претставници од други земји: Германија, Романија, Албанија, Бугарија, Хрватска, Црна гора, Србија, Молдавија.
- Регионална Конференција која се одржа во Будва, Црна Гора на тема – „Подобрување на квота системот и евалуација на работата на судиите“ на која учествуваа и претставници од судските совети на Словенија, Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора.

Судскиот совет на Република Македонија и во иднина ќе се грижи за остварување на следните приоритетни активности:

- Доследна примена и постапување по одредбите од донесената законска регулатива во Република Македонија;
- Следење на состојбите во судството и поднесување предлози за подбрување;
- Следење на работата на судиите и претседателите на судовите;
- Континуирано следење на примената на законите и поднесување иницијативи за изменување и дополнување на законската регулатива;
- Унапредување на соработката на институциите на судска власт со другите чинители во земјата и светот;
- Унапредување на транспарентноста и отчетноста во работата на Советот;
- Афирмација на местото, улогата и надлежноста на Советот на домашно и меѓународно ниво;
- Јакнење на инстуционалните и административни капацитети на институциите на судската власт;
- Унапредување на примената на ИКТ во судството;

- Подготовка на периодични и годишни извештаи;
- Презентација на резултатите од работата во јавноста и активности за подобрување на угледот на судската власт;
- Ефикасно и економично извршување на Судскиот буџет;
- Подобрување на капацитетите на судство за планирање и спроведување на програми поддржани од билатерални и мултилатерални донатори;
- Подобрување на системот за избор, оценување, унапредување и разрешување на судиите;
- поддршка на судиите во ситуации кога е загрозен интегритетот при вршењето нивната функција;
- Унапредување на стручноста и вештините на судиите и судската администрација во Република Македонија и
- Континуирано подобрување на процесите и на системот за квалитет согласно Стандардот ИСО 9001:2015

Натамошното јакнење на независноста и зголемувањето на ефикасноста на судскиот систем, беа и ќе продолжат да бидат клучни сегменти на кои Судскиот совет на Република Македонија ќе ја темели својата активност. Тргнувајќи од потребата за постоење на законски гаранции за фер судски постапки, како и цврста правна рамка и конзистентни институции за да се зајакне една доследна политика за заштита и одвраќање од корупција, натамошното подобрување на судскиот систем е од најголемо значење.

Судскиот совет на Република Македонија во следниот период ќе презема мерки и активности за доследна примена на Амандманот VI на Уставот на Република Македонија за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во сите судови во РМ.

Судскиот совет на Република Македонија, секојдневно, преку остварување на своите функции, ќе продолжи да го заштитува, но и да обезбедува независно, непристрасно, професионално, стручно, ефикасно, ефективно, отчетно и транспарентно судство, засновано на општоприфатените стандарди за владеење на правото со доследна примена на Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Зоран Караџовски**